Здружение за психосоцијален и професионален развој
ЕДУКАТИВЕН ЦЕНТАР ПРОГРЕС Струга

Здружение за психосоцијален и професионален развој ЕДУКАТИВЕН ЦЕНТАР ПРОГРЕС
Бр. 01-8/1
23.02. 2026 год.
Струга

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

за работата на Здружение за психосоцијален и професионален развој
ЕДУКАТИВЕН ЦЕНТАР ПРОГРЕС Струга

**ПЕРИОД НА ИЗВЕСТУВАЊЕ**: Мај - Декември 2025 ГОДИНА

# ВОВЕД

Здружението за психосоцијален и професионален развој ЕДУКАТИВЕН ЦЕНТАР ПРОГРЕС Струга со датум на основање од 30.04.2025 година и со упис на основање во Централниот регистар на Република Северна Македонија од 19.05.2025 година (прием на пријавата на 07.05.2025 година). Надлежен регистар е Регистарот на здруженија и сојузи. Органи на Здружението, согласно Статутот, се Собранието и Претседателот – овластено лице за застапување на Здружението. Првиот претседател е Даниела Несторовска, именувана односно изгласана од страна на Собранието. ЕМБС на Здружението за психосоцијален и професионален развој ЕДУКАТИВЕН ЦЕНТАР ПРОГРЕС Струга е 7847203, додека ЕДБ е 4026025546575. Здружението има 2 трансакциски сметки во Комерцијална Банка – 1 платежна сметка во девизи на правно лице (0270100429389, IBAN: MK07300701004293866, SWIFT.KOBSMK2X) и 1 платежна сметка во денари на правно лице (300160000043096). Во периодот на известување се користеше само денарската сметка, за покривање на месечните трошоци - закуп, струја, сметководител, одржување на сметките.

Визијата на Здружение за психосоцијален и професионален развој ЕДУКАТИВЕН ЦЕНТАР ПРОГРЕС Струга е значително да придонесе кон подобрување на квалитетот на живот на сите заинтересирани за постигнување, унапредување и/или одржување на својата психосоцијална и професионална добросостојба, како и посветено и квалитетно да пружа помош и поддршка во процесот на достигнување оптимална психосоцијална и професионална добросостојба преку соодветна и квалитетна едукација, консултации и советување за сите заинтересирани. Основните цели коишто Здруженеито се стреми да ги оствари се следните: Зголемување на свесноста за важноста на менталното здравје и психосоцијалната добросостојба; Создавање на безбедна, достапна и доверлива средина за психосоцијален и професионален развој во заедницата; Овозможување психосоцијална поддршка и советување насочени кон справување со животни промени и предизвици, справување со кризни ситуации, градење резилиентност и откривање и развој на сопствените потенцијали; и Овозможување кариерна поддршка и советување насочени кон унапредување на професионалниот развој и јакнење на знаењата и вештините за зголемување на вработливоста и конкурентноста на пазарот на труд.

Со основањето на Здружението за психосоцијален и професионален развој ЕДУКАТИВЕН ЦЕНТАР ПРОГРЕС Струга, започна и работата и активностите насочени кон остварување на мисијата, визијата и целите на Здружението.

Во продолжение следува детален извештај за работата на Здружението односно за реализираните активности во прилог на остварување на мисијата, визијата и целите на Здружението за периодот на известување Мај - Декември 2025 година.

## 1. Одржани седници на Собранието

Во текот на 2025 година беа одржани 3 седници на Собранието, со присуство на сите членови на Собранието. За секоја седница беше изготвена покана, записник и список со присутни членови.

На седниците на Собранието, согласно Статутот на ЕДУКАТИВЕН ЦЕНТАР ПРОГРЕС Струга, беа дискутирани и донесени важни одлуки и документи меѓу кои ги издвојуваме следните: програма за работа на здружението, одлука за висина и начин на плаќање на годишна членарина, деловник за работа, финансиски план, листа на услуги, регистар на членови, одлуки за учество на обуки, базари, доделување благодарници итн.

## 2. Водење евиденција

• *Евиденција на документи на Здружението*

Во 2025 година секоја одлука и документ донесени на претходно споменатите седници на Собранието беше запишана во деловодник со архивски број и датум, како и зачувана во Архивата на Здружението.

•*Евиденција на членови на Здружението*

Во 2025 година се зачленија 2 нови членови – 1 дипломиран психолог и 1 дипломиран социјален работник, со потполнета пристапница и уплата на годишната членарина, по што беа евидентирани во Регистарот на членови на Здружението.

## 3. Финансии и финансиско раководење

Со цел усогласување и почитување со важечките закони во Р.С. Македонија, како и во согласност со Статутот на Здружението, беше склучен договор за вршење сметководствени услуги и беше овластен сметководителот М.Т. за водење на сметководството и преземање дејствија во согласност со законот, за потребите на

Здружението. Во Здружението исто така се обезбедени и книга за влезни и книга за излезни фактури. Сметководителот е задолжен за изготвување на завршна сметка, а Претседателот на Здружението за изготвување на Финансиски извештај по добивањето на потребните податоци од сметководителот.

Финансиските приливи на Здружението во периодот на известување вклучуваа: донации од физички лица, финансиски средства од Општина Струга, уплати од физички лица за услугите на Здружението и уплати за годишна членарина, додека финансиските одливи беа исклучиво за подмирување на месечните трошоци на Здружението – закуп на просторијата (седиштето), сметки за струја, сметководствени услуги, одржување на сметките.

**4. Услуги на Здружението**

Првата листа на услуги на Здружението беше донесена уште во самите почетоци на истото, во согласност со Статутот и во прилог на остварување на целите, мисијата и визијата на Здружението и вклучуваше: следење и стимулација на емоционален развој, третман и интервенции за стрес и анксиозност, психосоцијална поддршка и советување, развој на вештини за вработување, едукативни работилници, едукативен престој и бесплатни консултации. За реализација на овие услуги, како и активностите работилниците и едукативните настани коишто произлегуваа од истите, беа достапни лиценциран психолог и дипломиран социјален работник.

Услугите на Здружението, освен на Огласната табла во просториите на истото, беа промовирани и на социјалните мрежи на Здружението – на Веб страната и на Инстаграм профилот.

Во декември 2025 година на седница на Собранието беше дискутиран покажаниот интерес за услугите. Беше забележано дека за дел од услугите воопшто нема искажан интерес. На споменатата седница беше одлучено да се ревидира листата со услуги и да ги вклучува услугите за коишто е покажан најмногу интерес – со стапување на сила од 01.01.2026 година и во времетраење од

6 месеци, со цел да се испита дали оваа промена би придонела за поголем интерес и вклучување на заедницата. Ревидираната листа ги вклучува следните услуги: Едукативни работилници, развој на вештини за вработување, едукативен престој и бесплатни консултации – насочени кон поддршка на психосоцијалната и професионалната добросостојба на заинтересираните притоа земајќи ги во предвид нивните индивидуални потреби и интереси, без оглед на тоа дали станува збор за деца, млади или возрасни.

## 5. Реализирани активности

• *Едукативни работилници*

Во текот на периодот на известување беа планирани следните едукативни работилници, согласно интересот што беше искажан на нашите социјални мрежи:

-3 едукативни работилници за возрасни (18 - 50 години)
-3 едукативни работилници за деца (4 – 8 години)
-1 едукативен настан (за млади до 29 години)
-1 циклус од 10 кратки работилници за деца на возраст од 4, 5 и 6 години.

Од планираните 6 едукативни работилници за возрасни и деца беа реализирани 4, од коишто 3 за возрасни, 1 за деца. За 2 од планираните 6 немаше пријавени односно заинтересирани учесници, иако беа промовирани и на социјалните мрежи и со печатени материјали (флаери и постери). Од реализираните 4 работилници, 3 беа од отворен тип и бесплатни - односно не се наплаќаше учество, додека 1 беше од затворен тип и се реализираше со спонзорство од страна на физичко лице за 10 учесници, по претходно пријавување.

Едукативниот настан наменет за млади до 29 години беше овозможен и реализиран со финансиска поддршка односно спонзорство од страна на Општина Струга, и истиот покрај едукативна работилница вклучуваше и предавање - поради што го нарековме едукативен *настан*. Настанот беше од отворен тип, бесплатен за

учесниците и беше промовиран на социјалната мрежа на Здружението, како и со печатени материјали – флаери и постери.

Планираниот циклус од 10 кратки работилници за деца на возраст од 4, 5 и 6 години, и покрај тоа што беше бесплатен за секој заинтересиран учесник, воопшто не се реализира бидејќи немаше пријавени деца – дури и покрај навремената промоција на социјалните мрежи, постерите и флаерите. Претпоставуваме дека недостатокот на заинтересираност се должеше на периодот во којшто беа планирани за реализација - лето.

• *Учество на обука за финансиско управување и буџетирање*

Претседателот со цел надоградување на професионалните компетенции во прилог на подобро управување со Здружението, зеде учество на дводневна обука за финансиско управување и буџетирање реализирана од страна на Здружение АКВА од Струга во соработка со обучувач од ЦЕФЕ Македонија.

• *Учество на локални базари*

Здружението зеде учество на два локални базари во Струга со цел промоција на мисијата, визијата и целите на Здружението преку запознавање со заедницата, отворени разговори, запознавање и промоција на услугите и работата на истото, делење на флаери и промотивни производи, коишто беа дигитално подготвени и испечатени од страна на Печатница ЛИК од Струга целосно бесплатно, во знак на поддршка за нашата мисија и придонес кон локалната заедница.

• *Едукативен престој*

Едукативниот престој во просторијата на нашето Здружение вклучуваше користење на едукативните материјали, игри и активности што ги имаме достапни за сите деца на возраст од 4 до 9 години, во присуство на родител/старател. Доколку родителот сака да го остави детето само на едукативен престој во присуство на стручно лице од Здружението, потпишува согласнот. Во случај кога детето заедно со родителот ги користат нашите достапни едукативни

материјали, игри и активности – не се потпишува согласност бидејќи родителот е присутен и активно учествува во споменатите активности со своето дете. За оваа услуга беше покажан најголем интерес од страна на родителите, коишто редовно не контактираа. Доколку во наредната година се засили интересот за оваа услуга, ќе се воведе поинаков начин на водење евиденција за корисниците на услугата.

## 6. Промоција и видливост

Освен погоре споменатите активности, Здружението ја промовира својата мисија и визија преку Веб страната www.ec-progres.com којашто е од информативен и едукативен карактер, и кадешто се достапни важни информации не само за мисијата, визијата и целите на Здружението туку и податоци за локацијата (седиштето), контакт информации и фотографии од просторот кадешто можат да ни се обратат за консултација, информирање или упатување целосно бесплатно.

Покрај Веб страната, ја користиме социјалната мрежа Инстаграм за ширење на мисијата и визијата на Здружението, промоција на активностите и услугите, споделување на едукативни содржини итн.

Освен тоа, во знак на поддршка за нашето Здружение, печатница ЛИК од Струга целосно бесплатно ни испечатија и доставија флаери, постери и други промотивни материјали по претходна наша дигитална подготовка. Така што, освен дигиталните канали за промоција, користевме и печатени материјали коишто ги поставувавме на јавни и фреквентни места низ градот и во неколку локални кафулиња.

Во периодот на известување остваривме и 1 медиумско гостување во соработка со YEA (Young European Ambassador) З.К. и Europe House Struga, кадешто разговаравме на тема професионален развој кај младите и како може ЕДУКАТИВЕН ЦЕНТАР ПРОГРЕС Струга со своите услуги да ги поддржи младите.

## 7. Остварени соработки

Самото основање на нашето Здружение, како и дел од активностите, немаше да бидат возможни доколку не соработувавме со физички и правни лица за да го слушнеме нивното искуство, нивниот совет и нивната препорака. Уште од самиот почеток, соработувавме со адвокат Е.К. којашто бесплатно и несебично нѐ поддржа нас основачите во одлуката сами да го поминеме процесот на пишување и подготовка на документацијата, основањето и регистрацијата. Општина Струга, до којашто се обративме за финансиска помош, нѐ поддржа со дел од средствата наменети за здруженија и фондации и благодарение на таа финансиска помош реализиравме успешен едукативен настан за млади. Печатница ЛИК од Струга нѐ поддржа со целосно бесплатно и навремено печатење на нашите промотивни материјали, што беше од исклучително големо значење во однос на промоцијата на нашата работа. Исто така, локалот „На кафе Дома" ни ги отстапи своите простории за да реализираме поголема едукативна работилница за деца целосно бесплатно и обезбеди симболични подароци за секое дете учесник. При крајот на годината, исто така беше покажан интерес за соработка од страна на ЗСРМ – Здружение на социјални работници на Македонија - Скопје, така што се надеваме и веруваме дека во наредниот период ќе остваруваме и негуваме уште многу успешни и плодни соработки.

## 8. Планирани во однос на реализирани активности според програмата на Здружението за 2025 година

Во програмата за 2025 година, беше предвидена реализација на следните активности:

1. Донесување на Финансиски план за 2025 година;
2. Обезбедување на просторија за непречено одвивање на активностите;
3. Лобирање кај надлежните институции за обезбедување поддршка за реализација на целите;
4. Промоција преку печатени и дигитални медиуми со цел зголемување на членството;

5. Реализација на активности и услуги на месечно ниво преку коишто ќе се обезбедуваат средства за работа на здружението;
6. Медиумски настапи за зголемување на видливоста на здружението;
7. Други прашања кои не се предвидени со програмата, а во текот на годината ќе се појават како важни за решавање;
8. Соработка со други организации, училишта, компании и останати релевантни страни од земјава и од странство;
9. Истражување на мислењето на локалната заедница за теми од интерес според коешто ќе се организираат работилници и предавања.

Со сигурност можеме да кажеме дека планираните активности по однос на програмата за 2025 година, беа реализирани и остварени.

Меѓутоа, важно е да се напомене дека и покрај тоа што програмата беше реализирана, очекувавме и се надевавме на поголема заинтересираност, не само за едукативните работилници, туку и за останатите наши услуги бидејќи преку нив можеме да ги зголемиме приходите на Здружението, а со самото тоа и можностите да организираме работилници, настани и предавања позачестено и подостапно за сите.

Токму поради таа причина, имаме намера да го засилиме нашето присуство на социјалните мрежи и медиуми, да ја зголемиме соработката и да продолжиме да го истражуваме интересот на заедницата за она што е потребно.

Струга, 23.02. 2026 година

**Здружение за психосоцијален и професионален развој**
**ЕДУКАТИВЕН ЦЕНТАР ПРОГРЕС**
**Струга**

Здружение за психосоцијален и професионален развој ЕДУКАТИВЕН ЦЕНТАР ПРОГРЕС Струга

Претседател
Даниела Несторoска